Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

28-01-2019

05 641/2

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 05-19/45
25-01-2019 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

**До: ЈУМ Центар за социјална работа Берово**

**Предмет: Одговор на Барање согласност за набавка**
**(Ваш бр. од 05-641 до 05-657 од 04.12.2019 година)**

Почитувани,

Во врска со предметното Барање согласност за набавка, Министерството за труд и социјална политика дава согласност за :

- набавка огревно дрво, во износ до 200.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 41 и 46 , ставка 421, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на тонери, во износ до 30.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 40, ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на средства за хигиена, во износ до 130.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 40, 41 и 46, ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на канцелариски материјали , во износ до 30.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 40, ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на училишни материјали , во износ до 30.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 46 и 41 , ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на прехрамбени производи за децата од Мал групен дом, во износ до 300.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 46, ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;
- набавка на горива и масла за моторни возила за потребите на ЦСР Дебар, во износ до 150.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 40, ставка 421, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки.
- набавка за поправка и тековно одржување на возила, резервни делови и гуми , во износ до 30.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 40, ставка 424, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

**Министерство за труд и социјална политика**

- набавка на превоз на корисници во Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост , во износ до 300.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 41, ставка 421, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;

- набавка на облека и обувки за децата од мал групен дом , во износ до 60.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, за една година од денот на склучување на договорот, на програма 46, ставка 423, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;

- набавка на нафта за греење-екстра лесно ЕЛ1 за грејна сезона 2018/2019 , во износ до 350.000,00 денари со ДДВ, на сметка 603, на програма 40, ставка 421, а набавката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки;

Со почит,

МИНИСТЕР
Мила Царовска

Изработил: Сашка Павловска
Одобрил: Илија Гарески
Согласен: Снежана Костовска-Фрчковска

Врз основа на член 75 став (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки.

### Член 2

Годишниот план за јавни набавки ги содржи вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Заедничкиот поимник за јавни набавки (во натамошниот текст: ЗПЈН), очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот или рамковната спогодба и видот на постапката за доделување на договорот или рамковната спогодба.

### Член 3

Годишниот план за јавни набавки се состои од осум колони.

Во првата колона се наведува редниот број на постапката, кој се внесува континуирано без оглед на видот на договорот.

Во втората колона се внесува предметот на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба, во еден од трите посебни делови зависно од видот на договорот за јавна набавки – стоки, услуги и работи.

Во третата колона се внесува шифрата од ЗПЈН за соодветниот предмет на договорот за јавна набавка.

Во четвртата колона се наведува видот на договорот за јавна набавка.

Во петата колона се наведува видот на постапката која се планира да се користи за доделување на договорот или рамковната спогодба.

Во шестата колона се внесува проценетата вредност на договорот/ рамковната спогодба, без вклучен ДДВ и се изразува во денари.

Во седмата колона се наведува очекуваниот почеток на постапката, односно месецот кога се планира да се објави огласот или да се поканат економските оператори да учествуваат во постапката.

Во осмата колона се внесуваат евентуални забелешки.

### Член 4

Во годишниот план за јавни набавки се внесуваат и договорите кои ќе се реализираат повеќе од една година, и тоа во годишниот план за јавни набавки за годината кога е планирано да се спроведе постапката за јавна набавка.

**Член 5**

При планирање на групна набавка, во годишниот план за јавни набавки се внесува проценетата вредност само на сопствената набавка.

**Член 6**

Содржината на годишниот план за јавни набавки не треба да се менува при промена на проценетата вредност, при промена на видот на планираната постапка за доделување договор за јавна набавка или при промена на очекуваниот почеток на постапката.

Постапките со преговарање без објавување на оглас врз основа на член 55 став (1) точка а) и точка г), како и став (3) точки б), г) и д) од Законот за јавните набавки не треба да се внесуваат во годишниот план за јавни набавки.

Постапките кои се повторуваат поради поништување на делови во претходна постапка не треба да се внесуваат во годишниот план за јавни набавки.

**Член 7**

Проценетата вредност на набавките се внесува од страна на договорниот орган без да се објавува на јавната страна на ЕСЈН.

**Член 8**

Формата и содржината на годишниот план за јавни набавки се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 84/12).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2019 година.

Бр. ____________________
__________________ година
Скопје

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски

Постапувајќи врз основа на член 62 став 2 од Законот за јавни набавки ( Службен весник на РМ број 136/7, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17), на 16.05.2018 год. ја давам следнава:

# **ИЗЈАВА**

**за непостоење на судир на интереси**

Јас, Маја Николова од Берово со стан на улица "15-ти Корпус" бр.14- Берово и ЕМБГ: 2704973496500 вработена во договорениот орган ЈУМ Центар за социјална работа – Берово, на работно место в.д. Директор и како Овластено лице за јавни набавки во ЈУМ Центар за социјална работа – Берово, Изјавувам дека не постои никаков судир на интереси помеѓу мене и економскиот оператор ДПТУ Рики Јуниор ДООЕЛ - Кочани кој до Комисијата за јавни набавки при ЈУМ Центар за социјална работа – Берово имаат доставено понуда по електронска форма за јавни набавки на стоки, Набавка на средства за хигиена за потребите на ЈУМ Центар за социјална работа – Берово и Одделот Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост – Берово.

Изјавата ја давам при чиста свест и здрав разум и од никого неприсилен.

16.05.2018 година
Берово

ИЗЈАВИЛ